**Концертот е дел од националната програма за финансирање на културни проекти за 2018 година.**

# Авторски концерт

на

# Дамјан Темков

и

# Филип Иванов

**Настапуваат:**

**Марија Врshкова – пијано**
**Гонца Богоромова Краповски – сопран**
**Анастасија Грговска – пијано**
**Владимир Костов – виолина**
**Мартин Димитров – виолина**
**Бојан Талески – виола**
**Паскал Краповски - виолончело**

**Сабота, 5 мај 2018**
**20.00 часот**
**Музеј на град Скопје**

**Програма:**

**Филип Иванов**
**** СКЕРЦО за четирирачно пијано**
**Марија Вршкова – пијано, Анастасија Грговска – пијано**

**Дамјан Темков**
**ОХРИДСКА ПАСТРМКА за пијано**
**Анастасија Грговска - пијано**

**Дамјан Темков**
**НАДЕЖ – циклус соло песни за сопран и виолончело**
**Гонца Богоромова Краповски – сопран, Паскал Краповски – виолончело**

**Филип Иванов**
**ЦИКЛУС СОЛО ПЕСНИ за сопран и пијано**
**Гонца Богоромова Краповски – сопран, Анастасија Грговска – пијано**

**Дамјан Темков**
**КЛАВИРСКО ТРИО - 25.713**
**Марија Вршкова – пијано, Владимир Костов – виолина,**
**Паскал Краповски – виолончело**

**Филип Иванов**
**** ГУДАЧКИ КВАРТЕТ БР.1**
**Владимир Костов – виолина, Мартин Димитров – виолина, Бојан Талески – виола, Паскал Краповски – виолончело**

**Дамјан Темков**
**Y TO MY GTI TURBO PRIDE NO.2 за четирирачно пијано**
**Марија Вршкова – пијано, Анастасија Грговска – пијано**

*** Светска премиера**
**** Македонска премиера**

**Дамјан Темков (1981)** припаѓа во групата афирмирани македонски композитори. Средното музичко училиште го завршува на отсекот по пијано, а во 2006 дипломира во класата на проф. Гоце Коларовски (негов последен дипломец). Во 2012 магистрира во класата на проф. Сони Петровски и во текот на образованието е добитник е на повеќе државни награди по камерна музика, пијано и солфеж. Традицијата на освојување награди ја продолжува и со своите ученици од “ДМБУЦ – Илија Николовски – Луј” каде е вработен како наставник по композиција, музички форми и хармонија од 2007 година до денес. Истата година (2007) станува најмладиот постојан член на Сојузот на композитори на Македонија.
Неговото творештво се состои од композиции за соло инструменти, вокални, камерни и симфониски дела, најголемиот дел изведени од страна на македонски, но и странски соло изведувачи и камерни ансамбли меѓу кои: Ѓ. Цинциевски, Н. Димов, Д. Вилсон, Гудачки квартет “Гајдов”, Дуо Гелебешеви, Дуо Кировски, Гудачки квартет “Бревис”, Дувачки квинтет “Сонорис”, Битолски камерен оркестар, триото “Арденца” од Бугарија, ансамблот “Археус” од Романија и др. Меѓу позначајните негови соработки се вбројуваат трите изведби на дела со Македонската филхармонија од кои последната во 2016 со композицијата Apple T(h)ree, наградена на Конкурсот за откуп на македонски класични композиции, а под диригентската палка на маестро Емил Табаков. Покрај изведбите во нашата држава, неговите дела се изведувани во Англија, САД, Кина, Германија, Норвешка, Италија, Бугарија, Романија, Црна Гора и др.

**Филип Иванов (1992)** припаѓа на најмладата генерација композитори во Македонија. Почнува да учи пијано на седумгодишна возраст, средно музичко образование завршува во ДМБУЦ “Илија Николовски - Луј”, а дипломира на одделот по композиција на Факултетот за музичка уметност - Скопје, во класата на професор Сони Петровски.
Иванов е еден од најистакнатите композитори на младата генерација чии дела се постојано присутни на македонската музичка сцена, а некои од нив веќе и во странство. Голем број од неговите композиции се наградени на конкурси распишани од Министерството за култура на Р. М. Особено значајна е изведбата на неговиот виолинскиот концерт на свеченото отворање на фестивалот “Денови на македонска музика 2018“ со Македонската филхармонија под диригентската палка на маестро Борјан Цанев и солистот Александар Иванов. Исто така е изведуван на концертните и дипломските испити на студентите од “Факултетот за музичка уметност” во Скопје, а и на учениците од ДМБУЦ “Илија Николовси -Луј”. Во 2017 година станува редовен член на Сојузот на композитори на Македонија. Иако млад, опусот на овој композитор е прилично богат, неговото творештво се состои од повеќе солистички, камерни и оркестарски дела.